**20212173659**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 17 став (9) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКАТА НА АКТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, КАКО И СОДРЖИНАТА НА ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15), во член 17 во ставот (3), запирката по зборовите „и/или средно стручно образование“ се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот (4) зборот „три“ се заменува со зборот „пет“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-3597/1
14 септември 2021 година
Скопје

Министер,
doc.d-r **Jeton Shaqiri,** d.v.